Кошаркарска Федерација на Северна Македонија

## КОМЕСАР ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

### ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА КУП НАТПРЕВАРУВАЊЕТО „БЛАГОЈА ГЕОРГИЕВСКИ - БУШТУР 2025“

Почитувани,

Согласно меилот кој ви е испратен на 12.09.2024 година за заклучоците од состанокот одржан со Вас, претставниците на екипите од Првата лига – жени, со кој ви е претставен и системот за Куп натпреварување во женска конкуренција за сезона 2024/25, „Благоја Георгиевски - Буштур 2025“, со кој до четирите (4) екипи кои ќе играат полуфинална (1/2) фаза, се стигна преку осминафинална (1/8) фаза, во која беа вклучени сите екипи од Првата А и Б лига - жени, а потоа и преку четвртфинална (1/4) фаза во која играа победниците од осминафиналната (1/8) фаза, ве известувам:

Согласно членот 23 од Правилникот за натпреварување во сениорските лиги, екипи кои ќе се натпреваруваат во завршницата од Купот на Република С. Македонија кој ќе се одигра 14-15.02.2025 година се:

**Полуфинале (1/2):**

Двојка 1. (1) ЖКК „Крива Паланка“ - (4) ЖКК „Вардар“, 14.02.2025 година, петок,
Двојка 2. (2) ЖКК „Баскет Кам“ - (3) ЖКК „Бадел 1862“, 14.02.2025 година, петок,

**Финале:**

Победник од двојка 1 со победник од двојка 2, 15.02.2024 година, сабота.

**Конкурс:**

Согласно Правилникот за Куп натпреварувања, Кошаркарската Федерација на Република С. Македонија ги поканува заинтересираните правни и физички лица да поднесат пријава за организатор на Финалниот турнир на Кошаркарскиот куп - **„Благоја Георгиевски - Буштур 2025“,** во женска конкуренција.

Поднесувањето на пријавите е на следната емаил адреса: contact@basketball.org.mk.

Организаторот на финалниот турнир за Купот 2025, кој ќе се одржи на 14-15 февруари 2025 година, ги добива правата и обврските што му припаѓаат според Правилникот за Куп натпреварувања и според Прирачникот за организација на финалниот турнир.

Поздрав,

Комесар за натпреварување

Александар Милојевиќ